**20161573556**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 74 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15 и 61/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР НА НЕДВИЖНОСТИ

Член 1

Во Правилникот за премер на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 121/13, 169/13, 95/15 и 128/15), во членот 4 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Агенцијата за катастар на недвижности без надоместок врши и премер на згради, посебни делови од згради и други објекти за кои градежно техничката документација била издадена до влегувањето во сила на катастар на недвижности за предметната катастарска општина.“

Ставот (4) станува став (5).

Член 2

Во членот 24 став (1) алинејата 6 означена како „ГМ-гаражно место,“ се брише.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-17324/1
12 август 2016 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Анета Јорданова,** с.р.